Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09-588/1** **Градоначалник**
**13.03.2024 г.** **Димчо Атанасовски с.р**
**М.Каменица**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Р.М“ број 5/2002) и член 20 став 1 точка 4 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина Македонска Каменица“ број 20/2019, 38/20 и 33/24 година ) Советот на општина Македонска Каменица на 37$^{та}$ седница одржана на ден 13.03.2024 година донесе:

**Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2024 година**

**Член 1**

Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2024 година бр.08-2777/1 од 29.12.2023 година(„Службен гласник на општина Македонска Каменица“ број.31/2023) се менува така што:

**Член 2**

Во членот 11 во став 3 после зборот „месечна “се додава зборот „нето“.

**Член 3**

Во членот 10 во став 2 коефициентот за исплата на плата на Градоначалникот од „2,7“ се менува со „2,35“.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Број 08-589/1** **Совет на општина М.Каменица**
**13.03.2024 г.** **Претседател**
**М.Каменица** **Анета Стојчевска с.р**